**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1103-52/7**

**Скопје, 12.06.2008 година**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството за животна средина и просторно планирање (во понатамошниот текст МЖСПП) - сметка на приходи од самофинансирачки активности, за 2007 година, кои се прикажани на страна 3.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи на МЖСПП - сметка на приходи од самофинансирачки активности за 2004 година. За годината која`и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Имер Алиу, министер , од 01.09.2006 година до 20.02.2007 година и
   - Џелил Бајрами, министер, 02.03.2007 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 3, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 03.03 - 30.04.2008 година, од страна на ревозорски тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2007 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

10.1. **Неправилности во искажувањето на позициите на Билансот на состојба**

10.1.1. Во сметководствената евиденција на министерството евидентирани се побарувања по основ на лабораториски испитувања, со старосна структура над три години во вкупен износ од 2.891 илјади денари, кои согласно Законот за облигационите односи се застарени и не постојат законски можности за нивна наплата. За овие побарувања во минатите години од страна на министерството не се превземени правни мерки за наплата, ниту од страна на пописната комисија не е даден предлог за нивно отпишување. Непревземањето активности околу наплатата на побарувањата има влијание на степенот на реализација на приходите, а неотпишувањето на застарените побарувања има влијание на реалното и објективното прикажување на побарувањата.

**Препораки**

1. Министерството да изврши попис на застарените побарувања и пописната комисија да даде предлог за нивно отпишување, а одговорните лица во министерството да превземат мерки за наплата на побарувањата по редовен или судски пат.

11. Според наше мислење, поради значајноста на прашањето изнесено во точката 10.1.1 финансискиот извештај Биланс на состојба на ден 31.12.2007 година, невистинито и необјективно ја претставува финансиската состојба на МЖСПП - сметка на приходи од самофинансирачки активности под 31.12.2007 година, додека финансискиот извештај Биланс на приходи и расходи го прикажува вистинито и објективно резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, кај МЖСПП - Сметка на приходи од самофинансирачки активности, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2007 година.

**Скопје, 12.06.2008 година** **Овластен државен ревизор**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 2.715 | 6.710 |
| Трансфери и донации | 237 | 0 |
| **Вкупно приходи** | **2.952** | **6.710** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 2.128 | 3.377 |
| **Вкупно тековни расходи** | **2.128** | **3.377** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 381 | 405 |
| **Вкупно капитални расходи** | **381** | **405** |
| **Вкупно расходи** | **2.509** | **3.782** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **443** | **2.928** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **443** | **2.928** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31. ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 964 | 2.928 |
| Побарувања | 3.604 | 3.371 |
| **Вкупна актива** | **4.568** | **6.299** |
| **Тековни обврски** | | |
| Примени аванси, депозити и кауции | 434 | 198 |
| Краткорочни финансиски обврски | 521 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 3.613 | 6.497 |
| **Вкупно тековни обврски** | **4.568** | **6.299** |
| **Вкупна пасива** | **4.568** | **6.299** |